Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ“ број 5/02), а во врска со член 29 од Законот за средно образование (“Службен весник на РМ” бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.229/20),
Советот на Град Скопје, на _________ седница, одржана на ________________ 2021 година, донесе

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

ЗА РАБОТА НА СРЕДНОТО УЧИЛИШТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ

**СУГС Гимназија „Орце Николов“**

ЗА УЧЕБНАТА 2021/2022 ГОДИНА

**СОДРЖИНА**

**I.** ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ....................................................................5
1.1. Име на Училиштето ........................................................................5
1.2. Адреса на Училиштето ....................................................................5
1.3. Верификација на училиштето .........................................................5
1.4. Историјат на училиштето ...............................................................5
1.5. Дејност на училиштето ...................................................................5
1.6. Визија на училиштето .....................................................................6
1.7. Мисија на училиштето ....................................................................6
1.8. Цели на училиштето .......................................................................6
1.9. Програмски насоки ........................................................................7
1.10. Проодност на струката ..................................................................8
1.11. Запишани ученици .........................................................................8
1.12. Кадровски потенцијал (раководен, наставен и стручен кадар) ...............8
1.13. Стручни активи ............................................................................19
1.14. Просторни можности и техничка опрема .......................................20
1.15. Материјално-финансиски услови....................................................20

**II.** НАСТАВА ..........................................................................................20
2.1. Наставни планови .........................................................................20
2.2. Дополнителна настава ...................................................................22
2.3. Додатна настава ...........................................................................22

2.4. Подготвителна настава ....................................................................................23
2.5. Далечинска настава .......................................................................................23
2.6. Ученички екскурзии .......................................................................................23
2.7. Самозаштита во образовните институции ...........................................23
2.8. Општествено – корисна работа .................................................................23
2.9. Еко активности ...............................................................................................24
2.10. Мултиетничка интеграција во образованието ......................................24
2.11. Следење и оценување на успехот и напредокот на учениците ............24
2.12. Испити ..............................................................................................................25
2.13. Поведение на учениците ...............................................................................25
2.14. Натпревари ......................................................................................................26
2.15. Професионално усовршување на наставниот кадар ............................26
2.16. План за воспитна работа на училиштето ................................................26

**III.** ПРИОРИТЕТИ НА УЧИЛИШТЕТО ............................................................27
3.1. Транспарентно работење и поголема информираност .......................27
3.2. Подобрување на редовноста во наставата ..........................................28
3.3. КТ во наставниот процес ...........................................................................28
3.4. Водење педагошка документација .........................................................28
3.5. Форми на ученичко здружување ...............................................................28
3.6. Зголемување на безбедноста во училиштето .......................................28
3.7. Интегриран пристап во наставата ...........................................................28
3.8. Креирање на колаборативна платформа ..................................................28
3.9. Процедура за обработка и чување на лични податоци .......................29
3.10. Инклузиво образование...................................................................................29
3.11. Професионално усовршување на наставниот кадар.............................29

**IV.** ПРОЕКТИ КОИ ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО УЧЕБНАТА 2020/21…. ..............29

**V.** КАЛЕНДАР ЗА РАБОТА ВО УЧЕБНАТА 2020/2021 .................................33

5.1. Родителски средби ....................................................................................33
5.2. Советување на родители и ученици ....................................................34
5.3. План за реализација на културната и јавната дејностна училиштет....34

**VI.** РАКОВОДНИ, УПРАВНИ И СТРУЧНИ ОРГАНИ И ТЕЛА ..........................34
6.1. Директор ..................................................................................................34
6.2. Раководители на настава ........................................................................35
6.3. Училишен одбор .........................................................................................36
6.4. Совет на родители ....................................................................................36

**VII.** СТРУЧНИ ОРГАНИ И ТЕЛА ......................................................................36
7.1. Наставнички совет .....................................................................................37
7.2. Совет на година ..........................................................................................37
7.3. Совет на паралелката ..............................................................................37
7.4. Стручни активи ..........................................................................................37
7.5. Раководител на паралелка .......................................................................37
7.6. Стручни соработници ..............................................................................37
7.7. Менаџерски тим ........................................................................................37

**VIII.** СОРАБОТКА НА УЧИЛИШТЕТО ..............................................................37
8.1. Соработка на училиштето со семејството ............................................38
8.2. Соработка на училиштето со институции и организации ....................38
8.3. Меѓународна соработка ........................................................................39

**IX.** КУЌЕН РЕД НА УЧИЛИШТЕТО ..................................................................40

ПРИЛОЗИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА......................................................41

| I | ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ |
|---|---|
| **1.1. Име на Училиштето** | Средно училиште на Град Скопје Гимназија „Орце Николов“ - Скопје |
| **1.2. Адреса на Училиштето** | Булевар ,,Илинден“ 101, 1000 Скопје<br>Општина Карпош<br>Локација со регулиран пристап со јавен, градски автобуски превоз<br>Тел.3065-565 факс 3065-555<br>E-mail адреса: gimnazija_orce@yahoo.com<br>Веб страна: www.orcenikolov.edu.mk |
| **1.3. Верификација на училиштето** | Училиштето е основано со Решение на Републичкиот секретаријат за образование и наука бр. 7887 од 25.07.1955 година.<br>Гимназиското образование, општествено–хуманистичко подрачје, природно–математичко подрачје и јазично–уметничко подрачје е верифицирано со Решение бр. 03- 2440/1 од 15.05.2004 година од Министерство за образование и наука. |
| **1.4. Историјат на училиштето** | Средното училиште на Град Скопје-Гимназија „Орце Николов“ започна со воспитно – образовна дејност во учебната 1955/56 година, како училиште на српско-хрватски наставен јазик. Од учебната 1956/57 година, во рамки на структурата на училиштето, се формира и првиот Училишен одбор.<br>Од 1957/58 наставата во гимназијата почнала да се одвива на македонски и на српско- хрватски јазик.<br>По земјотресот, наставата на гимназијата се одвивала во просториите на тогашните основни училишта „Браќа Миладиновци“ и „Кирил и Методиј“.<br>Од 1970 година, Училиштето започнува со својата дејност во новите простории на бул.„Илинден“ бб, во кои се наоѓа и денес.<br>Од учебната 1985/86 година Гимназијата се трансформира во Училиште за средно образование за елелектротехничка струка, од трети и четврти степен на образование.<br>Од учебната 1993/1994 година истовремено со електро-техничката струка започнуваат со работа првите гимназиски паралелки.<br>Со решение на Училишниот одбор, во 2001 година заврши последната генерација ученици од електро-техничка струка, со што училиштето се оформи како Државно средно училиште Гимназија ,,Орце Николов“.<br>Од 2007 година училиштето е верифицирано како Средно училиште на Град Скопје Гимназија ,,Орце Николов“-Скопје.<br>Во својата шеесет и шестгодишна работа училиштето постигнува исклучителни резултати, со што се вбројува во редот на најдобрите училишта во Р.С. Македонија. |
| **1.5. Дејност на училиштето** | Основната дејност на училиштето е воспитание и образование, реализирани преку наставни планови и програми кои се одредуваат со законски прописи на Министерството за образвание и наука и Бирото за развој на образованието на Р.С. |

| | |
|---|---|
| | Македонија. |
| **1.6. Визија на училиштето** | **Нашата визија е да создадеме институција на професионален кадар, препознатлива по своите критериуми и принципи, за постигнување висок квалитет, одговорност и почитување на етничките и останатите човечки вредности.** |
| **1.7. Мисија на училиштето** | **Ние сме училиште со традиција, отворено за нови идеи кои поттикнуваат индивидуалност и креативност, дисциплина и култура во која се почитуваат етничките разлики, повисоки интелектуални способности и образование кое ќе одговори на животните предизвици и во градењето на здрава и чиста животна околина.** |
| **1.8. Целина училиштето** | Општи цели:<br>• стекнување знаења, вештини и способности<br>• развивање свест за критичко прифаќање на општествените и социјалните процеси и појави<br>• поттикнување критичко и креативно мислење<br>• рационална и творечка примена на иновации и нови идеи<br>• применети знаења<br>• слобода на мислење<br>• флексибилност и адаптибилност во креирање ставови<br>• воспитување на лична одговорност<br>• запознавање со личните права и обврски<br>• развивање свест за заштита на природата и човековата околина<br>• развивање на потребата за доживотно учењеи професионален развој на наставниот кадар<br>• истражување и промоција на ученичките права, слободи и различности<br>• развивање свесност за мултикултурализам и мулиетничка интеграција<br>• подигнување на свесноста за професионалната ориентација и кариерното советување<br>• унапредување на воспитно-образовниот процес преку воведување на современа компјутерска технологија.<br>• воведување на инклузија во воспитно-образовниот процес<br><br>Посебни цели:<br><br>• подигнување на квалитетот на наставата<br>• подобрување на редовноста на учениците<br>• развивање свест за професионално усовршување на наставниот кадар<br>• интеграција на ученикот во наставниот процес како творечки субјект<br>• активна соработка со родителите |

| | |
|---|---|
| | • опремување на училиштето со современи наставни средства<br>• збогатување на библиотечниот фонд со стручна педагошко- психолошка литература<br>• подобри интерперсонални односи<br>• утврдување предлог- мерки и други начини за постигнување на редовноста на учениците вонаставата<br>• подигнување на еколошката свест кај сите структури во училиштето<br>• самоевалуација на работата на училиштето интегриран пристап во наставата<br>• подигање на свеста за справување со насилство (Прилог бр.3)<br>• подигање на свеста за иновации и претприемништво во воспитно-образовниот процес<br>• интензивирање на соработката со родителите (советување на родители)<br>• реализирање активности кои промовираат мултитетничка интеграција (Прилог бр.2)<br>• интензивирање на професионалната ориентација и кариерното советување како основа за избор на идна професија–(Прилог бр. 14)<br>• зголемена употреба на современа компјутерска технологија во наставниот процес<br>• негување и имплементирање на принципите и методлогијата на инклузија во воспитно-образовниот процес.<br>• унапредување на кариерниот развој на наставниот кадар<br>• реализирање на онлајн настава (според препораки од МОН) |
| **1.9. Програмски насоки** | 1. Планирање и остварување на воспитно- образовниот процес според законските одредби и прописи на МОН и БРО на Р.С. Македонија<br>2. Континуирана анализа на наставниот процес, преку активна соработка на стручните активи, педагошко- психолошката служба, училишниот одбор и Директорот на Училиштето.<br>3. Искористување на материјално – финансиските капацитети за разрешување проблеми од приоритетно значење за развој на училиштето<br>4. Подигнување на нивото на вклученост на семејството во воспитно–образовниот процес<br>5. Соработка со локалната средина<br>6. Соработка со научни, културни, спортски, хумантирани и невладини тела и организации<br>7. Соработка со педагошко-психолошката служба за одговорно подготвување, планирање и реализирање на наставните програми<br>8. Примена на активни методи на учење и современа технологија во услови на настава со физичко присуство и/или на далечина<br>9. Учество на учениците во планирањето и реализацијата на работата на училиштето |

<table>
<tr><td></td><td>10. Континуирано следење на напредокот, постигнувањата и редовноста на учениците</td></tr>
<tr><td>1.10. Проодност на струката</td><td>Средното училиште на Град Скопје - Гимназија „Орце Николов“ образува ученици во четири години општо гимназиско образование. Предвидените подрачја и наставни предмети нудат основи за академско доусовршување и интегрирање во академската средина на Универзитетите во Р.С. Македонија. Од досега постигнатите резултати, може да се каже дека нашите ученици во голем процент се запишуваат на универзитите во државата, а дел од нив и на европските универзитети. Статистиките за бројот на дипломирани студенти, потврдуваат дека тие успешно ги завршуваат студиите и стануваат дел од поширокиот општествен и јавен живот на Република Северна Македонија.</td></tr>
<tr><td>1.11.Запишани ученици</td><td>
<table>
<tr><th>година</th><th>машки</th><th>женски</th><th>вкупно</th></tr>
<tr><td>прва</td><td>105</td><td>177</td><td>282</td></tr>
<tr><td>втора</td><td>122</td><td>176</td><td>298</td></tr>
<tr><td>трета</td><td>97</td><td>190</td><td>287</td></tr>
<tr><td>четврта</td><td>114</td><td>165</td><td>279</td></tr>
<tr><td>Вкупно</td><td>438</td><td>708</td><td>1146</td></tr>
</table>
Во паралелките I - 9, II - 9, III – 9 и IV – 9 наставата по предметите математика, хемија, географија и историја се изведува на македонски и францускии јазик.<br><br>
Во паралелките I - 6, 7, 8; II- 6, 7, 8 наставата делумно се изведува на англиски наставен јазик, а во паралелките III- 6, 7, 8 и IV- 6,7,8, наставата по предметите математика, физика, хемија, биологија, историја, филозофија, логика и бизнис и претприемништво се одвива на македонски и англиски јазик.<br><br>
Во билингвалните француски паралелки наставата ја изедуваат проф. кои имаат големо познавање на францускиот јазик, положени-сертификати Б-1,Б -2,А-1,А-2.Во билингвалните англиски паралелки наставата ја изведуваат проф.со солидно познавање на англискиот јазик, а во тек се постојани обуки за доусовршување.</td></tr>
<tr><td>1.12 Наставен и кадровски потенцијал</td><td>
<table>
<tr><th colspan="2">Професор</th><th>предмет</th><th>класови</th><th>Број на часови</th><th>Кл. Рак.</th><th>Вкупен број на часови</th><th>денови во нашето училиште</th></tr>
<tr><td>1</td><td>Стојановски Душко</td><td>Македонски јазик и литература</td><td>$II_2$, $II_3$, $II_4$, $II_5$, $II_6$,</td><td>5x4</td><td>$II_4$</td><td>20+1 =21</td><td>сите</td></tr>
</table>
</td></tr>
</table>

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2 | Черепналковска Сузана | Македонски јазик и литература | $III_5$, $III_6$, $III_7$, $III_8$, $III_9$ | 5x4=20 | $III_6$ | **20+1** | сите |
| | | 3 | Цветанова Далида | Македонски јазик и литература | $II_1$, $II_7$, $II_8$, $II_9$, | 4x4=16 | | **16+4** | сите |
| | | | | Проектна активност | | 4 | | | |
| | | 4 | Лазаревска Ивана | Македонски јазик и литература | $IV_6$, $IV_7$, $IV_8$,$IV_9$ | 4x4=16 | $IV_7$ | **19+1** | сите |
| | | | | драма (изборен предмет во четврта година) | $IV_{5,7,9}$ | 1x3=3 | | | |
| | | | | Проектна активност | | 1 | | | |
| | | 5 | Боцевска Љупка | Македонски јазик и литература | $I_1$, $I_6$, $I_7$, $I_8$,$I_9$ | 5x4=20 | $I_6$ | **20+1** | сите |
| | | 6 | Горѓиева – Ристевска Маријана | Македонски јазик и литература | $IV_1$, $IV_2$, $IV_3$ , $IV_4$, $IV_5$ | 5x4=20 | **$IV_4$** | **20+1** | сите |
| | | 7 | Мицкоска Роза | Македонски јазик и литература | $III_1$, $III_2$, $III_3$, $III_4$, | 4x4=16 | $III_1$ | **18+1+2** | сите |
| | | | | Компаративна книжевност (изборен предмет во четврта ЈУА година) | $IV_{4,6,9}$ | 1x2=2 | | | |
| | | | | Проектна активност | | 2 | | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 8 | Јанкулоска Драгица | Македонски јазик и литература | $I_2$, $I_3$, $I_4$, $I_5$ | 4x4=16 | | **20** | сите |
| | | | | Говорење и пишување | $II_{1,3,4,5,9}$ , $II_{6,7,8}$ | 2x2=4 | | | |
| | | 9 | Велчоска Белеска Анастазија | математика | $I_{9,}$ $II_1$, $II_{2,}$ $II_9$ $III_{3,}$ $IV_9$ | 6x3=18 | $IV_9$ | **18+1** | сите |
| | | 10 | Темелковска Брезоска Софија | математика | $II_5$, $II_6$, $II_7$,$II_8$, $IV_6$, $IV_7$, $IV_8$ | 7x3=21 | $II_7$ | **21+1** | сите |
| | | 11 | Бабовиќ Најдова Јелена | Алгебра (изборен трета година ПМА) | $III_1$, $III_{4,8,9}$, $III_5$, $III_6$, | 4x2=8 | $III_5$ | **20+1** | сите |
| | | | | Математичка анализа ( изборен четврта година ПМА ) | $IV_1$, $IV_{3,9}$ , $IV_{4,6}$ , $IV_8$ | 4x3=12 | | | |
| | | 12 | Јованчева Билјана | математика | $III_2$, $III_3$,$III_4$ ,$III_5$, | 4x3=12 | | **20** | сите |
| | | | | Линеарна алгебра и аналитичка геометрија ( изборен трета година ПМА ) | $III_1$, $III_{4,8,9}$, $III_5$, $III_6$, | 4 x 2=8 | | | |
| | | 13 | Мартиновска Славица | Математика | $IV_1$, $I_1$, $I_2$, $I_3$ $I_{4\,,}$ $IV_{3\,,}$ $IV_5$ | 7x3=21 | $I_1$ | **21+1** | сите |
| | | 14 | Спироска Хаџи Илоска Катерина | математика | $I_{5\,,}$ $I_6$, $I_7$,$I_{8,}$ $III_6$, $III_7$, $III_8$ | 7x3=21 | $I_8$ | **21+1** | сите |
| | | 15 | Раичевиќ Велковска Билјана | математика | $II_1$, $II_3$, $II_{4\text{ обична}}$, $II_{4\text{ билингвална}}$, $IV_2$, $IV_4$ | 6x3=18 | $II_1$ | **18+1+2** | сите |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Администратор ЕСАРУ | | 2 | | | |
| | | 16 | Шанковска Сања | Англиски јазик | $I_3$, $I_4$, $I_5$, $II_4$ билингвална, $II_5$, $II_6$ | 6x3=18 | | **21** | сите |
| | | | | Проектни | $II_4$, $II_5$, $II_6$ | 3x1=3 | | | |
| | | 17 | Стефановска Весна | Англиски јазик | $II_1$, $II_2$, $II_3$, $II_4$ обична, $IV_6$, $IV_7$, $IV_8$ | 7x3=21 | $IV_6$ | **21+1** | сите |
| | | 18 | Јовановиќ Александра | Англиски јазик | $III_4$, $III_5$, $III_6$, $III_7$, $III_8$, $III_9$, | 6x3=18 | $II_4$ | **21+1** | сите |
| | | | | Проектни | $III_6$, $III_7$, $III_8$ | 3x1=3 | | | |
| | | 19 | Гајдарџиска Анета | Англиски јазик | $I_6$, $I_7$, $I_8$, $III_1$, $III_2$, $III_3$, | 6x3=18 | | **21** | сите |
| | | | | Проектни | $I_6$, $I_7$, $I_8$ | 3x1=3 | | | |
| | | 20 | Лазеска Ивана | Англиски јазик | $IV_1$, $IV_2$, $IV_3$, $IV_4$, $IV_5$, $IV_9$, | 6x3=18 | $IV_1$ | **20+1** | сите |
| | | | | Проектни | $IV_7$, $IV_8$ | 2x1=2 | | | |
| | | 21 | Аранџеловиќ Надица | Англиски јазик | $I_1$, $I_2$, $I_9$ $II_7$, $II_8$, $II_9$, | 6x3=18 | | **20** | сите |
| | | | | Проектни | $II_7$, $II_8$ | 2x1=2 | | | |
| | | 22 | Лазаревска Елена | Француски јазик | $II_{1,4}$, $II_9$ | 2x2=4 | $II_9$ | **10+1** | |
| | | | | Лекторски | $II_9$ $III_9$ | 1x2=2 1x2=2 | | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | $I_9$ | 1x2=2 | | | |
| | | 23 | Дулеска Сузана | Француски јазик | $II_2$, , $II_6$, $II_8$<br>$IV_{2,5}$, $IV_{3,4}$, $IV_{6,7,}$<br>$IV_9$ | 7 x 2 = 14 | | **18** | сите |
| | | | | Лекторски | $II_9$,<br>$IV_9$ | 1x 1 =1<br>1x3=3 | | | |
| | | 24 | Митреска Милица | Француски јазик | $I_4$, $I_{5,}$ $I_8$ , $I_9$<br>$III_4$, $III_5$, $III_{6,7,8}$ $III_9$ | 8 x2=16 | | 18 | сите |
| | | | | Лекторски | $I_9$<br>$III_9$ | 1x1=1<br>1x1=1 | | | |
| | | 25 | Гацова Тања | Германски јазик | $II_5$, $II_{2,4}$,<br>$IV_1$ , $IV_{2,6}$, $IV_3$,<br>$IV_4$, $IV_5$, $IV_7$, $IV_8$ | 9x2=18 | | **18+2** | сите |
| | | | | Проектна активност | | 2 | | | |
| | | 26 | Штрбац Биљана | Германски јазик | $I_1$, $I_4$, $I_6$ , $I_{7,}$<br>$II_7$ ,<br>$III_1$, $III_3$, $III_{4,5}$, | 8x2=16 | | **16+4** | сите |
| | | | | Проектна активност | | 4 | | | |
| | | 27 | Минговска Елена | Германски јазик | $I_2$,$I_3$,<br>$II_1$, $II_3$, $II_{6,8}$<br>$III_2$ , $III_6$, $III_7$, $III_8$, | 9x2=18 | **$I_3$** | **18+1+2** | сите |
| | | | | Проектна активност | | 2 | | | |
| | | 28 | Наумовска Светлана | физика | $I_1$, $I_2$ , $I_3$ , $I_{4,}$ $I_{5,,}$<br>$II_{4билинг,}$ $II_{5,}$ $II_{6,}$ $II_{7,}$<br>$II_8$ | 10x2=20 | $I_5$ | **20+1** | сите |
| | | 29 | Поповска Елизабета | физика | $I_6$, $I_7$, $I_8$, $I_9$<br>$III_5$, $III_6$, $III_7$, $III_8$, | 9x2=18 | $I_7$ | **18+1+2** | сите |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | $III_9$, | | | | |
| | | Проектна активност | | 2 | | | |
| 30 | Ивановски Зоран | Физика | $II_1$,$II_2$, $II_{3,}$ $II_{4обична}$, $II_9$ , $III_1$, $III_2$, $III_3$, $III_4$ | 9x2=18 | $II_2$ | 18+1+2 | сите |
| | | Администратор ЕСАРУ | | 2 | | | |
| 31 | Накоска Гордана | Физика(IV ПМА) | $IV_1$, $IV_{3,9}$ , $IV_{4,6}$ , $IV_8$ | 7x3=21 | | **21** | |
| | | Физика (IV ПМБ) | $IV_{2,9}$, $IV_{3,6}$ , $IV_{7,8}$, | | | | |
| 32 | Николовска Елизабета | Хемија | $I_{1,}$ $I_2$ , $I_{3,}$ $I_4$ , $I_5$ | 5x2=10 | $IV_3$ | **19+1+1** | сите |
| | | Хемија (IV ПМБ) | $IV_{2,9}$, $IV_{3,6}$ , $IV_{7,8}$, | 3x3=9 | | | |
| | | Проектна активност | | 1 | | | |
| 33 | Толева Виолета | Хемија | $I_6$, $I_7$, $I_8$, $II_4$, $II_5$, $II_6$, $II_7$ $III_6$, $III_7$, | 9x2=18 | | **18+2** | сите |
| | | Проектна активност | | 2 | | | |
| 34 | Стојчевска Сузана | Хемија | $I_9$, $II_1$, $II_2$, $II_3$, $II_4$, $II_8$, $II_9$, $III_9$, | 8x2=16 | $I_9$ | **16+1+2** | сите |
| | | Проектна активност | | 2 | | | |
| 35 | Ирена Мишевска | Хемија | $III_1$, $III_{2,}$ $III_{3,}$ $III_4$ , $III_{5,}$ $III_7$ | 6x2=12 | | **12** | **Вторник,среда и петок** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 36 | Стоиловски Миле | Биологија | $III_7$, $III_8$, | 2x2=4 | $III_8$ | **4+1** | сите |
| 37 | биологија | Биологија | $I_1$, $I_2$, $I_3$, $I_4$, $I_5$, $I_6$, $I_7$, $I_8$, $I_9$, $III_9$ | 10x2=20 | | **20** | сите |
| 38 | биологија | Биологија | $III_1$, $III_2$, $III_3$, $III_4$, $III_5$, $III_6$, | 6x2=12 | | **21** | сите |
| | | Биологија (изборен IV ПМБ) | $IV_{2,9}$, $IV_{3,6}$, $IV_{7,8}$, | 3x3=9 | | | |
| 39 | Богдановска Мирјана | Биологија | $II_1$, $II_2$, $II_3$, $II_4$, $II_5$, $II_6$, $II_7$, $II_8$, $II_9$, | 9x2=18 | $II_5$ | **18+1+2** | сите |
| | | Проектна активност | | 2 | | | |
| 40 | Габровски Љубиша | историја | $III_1$, $III_2$, $III_3$, $III_4$, $III_5$, $III_6$, $III_7$, | 7x2=14 | $IV_5$ | **20+1** | сите |
| | | Историја (изборен IV ОХА) | $IV_{2,4}$, $IV_5$, $IV_{6,9}$ | 3x2=6 | | | |
| 41 | Бојанов Владимир | историја | $I_1$, $I_2$, $I_6$, $I_7$, $I_8$, $II_1$, $II_2$, $II_6$, $II_7$, $II_8$, | 10x2=20 | | **20** | сите |
| 42 | Ивковска Јасмина | историја | $I_3$, $I_4$, $I_5$, $I_9$, $II_3$, $II_4$, $II_5$, $II_9$, $III_8$, $III_9$ | 10x2=20 | $III_9$ | **20+1** | сите |
| 43 | Арсовска Невена | Социологија | $II_1$, $II_4$, $II_5$, $II_6$, $II_7$, $II_8$, $II_9$, | 7x2=14 | $III_3$ | **20+1** | сите |
| | | Социологија(Изборен III ОХА) | $III_3$, $III_{4,9}$, $III_{7,8}$ | 3x2=6 | | | |
| 44 | Јакимовска Валентина | Социологија | $II_2$, $II_3$ | 2x2=4 | | **4** | |
| 45 | Стефановска | Вовед во право | $III_3$, $III_{4,9}$, $III_{7,8}$ | 3x2=6 | | **6** | **вторник и** |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Гордана | (Изборен III ОХА) | | | | | **четврток** |
| | | 46 | Тнокова Кузмановска Сузана | Музичка уметност | $I_5$, $I_6$, $I_7$,$I_8$, $I_9$ | 5x1=5 | $II_6$ | **17+1+3** | сите |
| | | | | | $II_1$, $II_5$, $II_6$,$II_7$, $II_8$, | 5x2=10 | | | |
| | | | | Музичка уметност ( III ЈУБ) | $III_{2,4,8,9}$ | 1x2=2 | | | |
| | | | | Проектна активност | | 3 | | | |
| | | 47 | Барбутов Виктор | Музичка уметност | $I_1$, $I_2$,$I_3$ ,$I_4$, | 4x1=4 | | **14** | **понеделник,среда, петок** |
| | | | | | $II_2$, $II_3$, $II_4$,$II_9$ | 4x2=8 | | | |
| | | | | Музичка уметност ( IV ЈУБ) | $IV_{5,7,9}$ | 1x2=2 | | | |
| | | 48 | Крстевска Снежана | Ликовна уметност | $I_5$, $I_6$, $I_7$, $I_8$, $I_9$, $II_3$, $II_5$ ,$II_6$, $II_7$ , $II_8$, $II_9$ | 5x2=10 6x1=6 | $II_8$ | **18+1+2** | сите |
| | | | | (III ЈУБ) | $III_{2,4,8,9}$ | 1x2=2 | | | |
| | | | | Проектна активност | | 2 | | | |
| | | 49 | Дамовски Сергеј | Ликовна уметност | $I_1$, $I_2$, $I_3$, $I_4$, | 4 x 2=8 | $I_2$ | **13+1+3** | сите |
| | | | | | $II_1$, $II_2$, $II_4$, | 1 x 3=3 | | | |
| | | | | Изборен четврта ЈУБ | $IV_{5,7,9}$ | 1x2=2 | | | |
| | | | | Проектна активност | | 3 | | | |
| | | 50 | Јовановска Лилјана | географија | $I_1$, $I_2$ $II_1$, $II_2$, $II_3$, $II_4$, $II_5$, $II_6$ | 8 x 2 =16 2x2= 4 | $III_2$ | **20+1** | сите |
| | | | | Географија ( III ПМБ ) | $III_{2,4}$ , $III_{7,8,9}$ | | | | |
| | | 51 | Тасева Сузана | географија | $I_3$, $I_4$, $I_5$, $I_6$, $I_7$, $I_8$, $I_9$, $II_7$, $II_8$, $II_9$, | 10 x 2 =20 | | **20** | сите |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 52 | Пулевски Марјан | Бизнис и претприемништво | $IV_{1,}$ $IV_{2,}$ $IV_3$ | 3x2=6 | | **21** | Сите |
| | | | | Менаџмент ( изборен IV ОХА) | $IV_{2,4}$ , $IV_5$, $IV_{6,9}$ | 3x2=6 | | | |
| | | | | Економија ( изборен IV ОХА) | $IV_{2,4}$ , $IV_5$, $IV_{6,9}$ | 3x3=9 | | | |
| | | 53 | Штерјоски Павлина | Бизнис и претприемништво | $IV_{4,}$ $IV_5$, $IV_{6,}$ $IV_{7,}$ $IV_{8,}$ $IV_9$ | 6x2=12 | $IV_8$ | **12+1** | сите |
| | | 54 | Георгиевска Викторија | филозофија | $IV_{1,}$ $IV_2$ , | 2x3=6 | | **16+4** | сите |
| | | | | Логика ( изборен IV ОХА) | $IV_{2,4}$ , $IV_5$, $IV_{6,9}$ | 3x2=6 | | | |
| | | | | Етика | $II_{1,3,5,6,7,8,9}$ $II_{2,4}$ | **2x2=4** | | | |
| | | | | Проектна активност | | **4** | | | |
| | | 55 | Делфина Серафимовска | Педагогија (Изборен трета година ЈУБ) | $III_{2,4,8,9}$ | 1x2=2 | | 2+2 | **Вторник** |
| | | | | Проектна активност | | 2 | | | |
| | | 56 | Јолевска Јулијана | филозофија | $IV_{3,}IV_{4,}$ $IV_5$ , $IV_6$, $IV_{7,}$ $IV_{8,}$ $IV_9$ , | 7x3=21 | | **21** | сите |
| | | 57 | Љошевски Богољуб | Спорт и спортски активности | $I_3$, $I_5$, $I_7$, $II_7$ , $II_8$, $II_9$ | 6x2=12 | | **18+2** | сите |
| | | | | | $III_1$, $IV_9$, | 2x3=6 | | | |
| | | | | Проектна активност | | 2 | | | |
| | | 58 | Глигорова Анета | Спорт и спортски активности | $I_1$, $I_2$, $I_4$, | 3x2=6 | $I_4$ | **18+1+2** | сите |
| | | | | | $III_2$, $III_3$ , $III_4$, $III_5$ | 4x3=12 | | | |
| | | | | Проектна активност | | 2 | | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 59 | Крстевски Горан | Спорт и спортски активности | $I_7, I_8, I_9$ | 3x2=6 | | **18+2** | сите |
| | | | | | $III_6, III_7, III_8, III_9$ | 4x3=12 | | | |
| | | | | Проектна активност | | 2 | | | |
| | | 60 | Сотировски Сашо | Спорт и спортски активности | $II_1, II_2, II_3,$ | 3x2=6 | $II_3$ | **18+1+2** | сите |
| | | | | | $IV_1, IV_3, IV_4, IV_5$ | 4x3=12 | | | |
| | | | | Проектна активност | | 2 | | | |
| | | 61 | Конески Антонио | Спорт и спортски активности | $II_4, II_5, II_6,$ | 3x2=6 | $IV_2$ | **18+1+2** | сите |
| | | | | | $IV_2, IV_6, IV_7, IV_8$ | 4x3=12 | | | |
| | | | | Проектна активност | | 2 | | | |
| | | 62 | Доказа Викторија | Информатика | $I_1, I_2, I_3, I_4, I_5, I_6, I_7, I_8, I_9,$ | 9x2=18 | $III_7$ | **20+1** | сите |
| | | | | Програмски јазици ( III ПМБ) | $III_{7,8,9}$ | 1x2=2 | | | |
| | | 63 | Ристеска Елена | Информатичка технологија | $II_1, II_2, II_3, II_{4,5}, II_{6,9}, II_7, II_8$ | 7x2=14 | | **20** | сите |
| | | | | Програмски јазици ( IV ПМА ) | $IV_{3,9}, IV_{6,8}$ | 2x3=6 | | | |
| | | 64 | Ристовска Христина | Програмски јазици ( III ПМБ) | $III_{2,4}$ | 1x2=2 | | **16+4** | сите |
| | | | | Програмски јазици ( III ПМА ) | $III_1, III_{4,8,9}, III_5, III_6$ | 4x2=8 | | | |
| | | | | Програмски јазици ( IV ПМА ) | $IV_{3,9}, IV_4$ | 2x3=6 | | | |
| | | | | Администратор ЕСАРУ | | 4 | | | |
| | | 65 | **Станковска** Радица | Италијански јазик ( IV ЈУА) | $IV_{4,6,9}$ | 1x3=3 | | **3+3** | |
| | | | | Проектна активност | | 3 | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 66 | Ѓорѓиева Даниела | Латински јазик (II изборен предмет) | , II$_{5,7,9}$ | 7x2=14 | | 14+6 | сите |
| | | Латински јазик ( III ПМБ) | III$_{2,4}$ , III$_{7,8,9}$ | | | | |
| | | Латински јазик ( III ОХА) | III$_{3}$ , III$_{4,9}$ , III$_{7,8}$ | | | | |
| | | Латински јазик (изборен IV ЈУА) | IV$_{4,6,9}$ | | | | |
| | | Проектна активност | | 6 | | | |
| 67 | Ѓорѓиоска Сековска Анета | Психологија (изборен IV ЈУА) | IV$_{4,6,9}$ | 1x2=2 | | **4+3** | **четврток** |
| | | Психологија (изборен IV ЈУБ) | IV$_{5,7,9}$ | 1x2=2 | | | |
| | | Проектна активност | | 3 | | | |

| | **Административно -** | **Технички персонал** | | **Работни часови** | | **Работен стаж** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Александар Глигоров | Секретар | | 40 | | 6 |
| 2 | Душица Радевска | Благајник | | 40 | | 9 |
| 3 | Китанчева Виолета | Архивар | | 40 | | 13 |
| 4 | Петрушевска Цветанка | Хигиеничар | | 40 | | 28 |
| 5 | Јовчевска Весна | Хигиеничар | | 40 | | 9 |
| 6 | Блажевска Лилјана | Хигиеничар | | 40 | | 13 |
| 7 | Соња Мицевска | Хигиеничар | | 40 | | 3 |
| 8 | Миновска Оливера | Хигиеничар | | 40 | | 19 |
| 9 | Снежана Алексовска Јовановска | Хигиеничар | | 40 | | 6 |
| 10 | Нацева Лета | Хигиеничар | | 40 | | 25 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 11 | Јулијана Стојковска | Хигиеничар | | 40 | | 1 |
| 12 | Велевска Слаѓана | Хигиеничар | | 40 | | 12 |
| 13 | Лиле Величковска | Хигиеничар | | 40 | | 9 |
| 14 | Крстиќ Ратка | Хигиеничар | | 40 | | 24 |
| 15 | Силвана Пауновска | Хигиеничар | | 40 | | 5 |
| 16 | Неваип Исмаили | Чувар | | 40 | | 17 |
| 17 | ВукановМарјан | Хаусмастор | | 40 | | 32 |
| 18 | ТодоровскиИвица | Хаусмајстор | | 40 | | 13 |
| 19 | Жика Станковиќ | Чувар | | 40 | | 36 |

**1.13 Стручни активи**

Стручните активи се работни тела составени од наставници од исти или сродни наставни предмети. Стручните активи ги вршат следниве задачи:

1. Утврдување критериуми и стандарди за работа
2. Усогласување на наставните планови
3. Размена на сугестии за реализација на наставните програми
4. Донесување предлози за форми и методи на наставна работа
5. Избор учебници по кои ќе се реализира наставната програма
6. Имплементација на одлуките донесени од Наставничкиот совет и Директорот на Училиштето
7. Изработка на годишна програма и годишен извештај за работа на стручните активи.

Со стручниот актив раководи наставник, избран од активот кој се избира на Наставничкиот совет на почетокот на учебната година, кој поднесува полугодишни и годишни извештаи и програма за работа на стручниот актив.

Во оваа учебна година ќе работат следниве активи:

| Назив на активот | Одговорен наставник |
|---|---|
| Македонски јазик и литература | Роза Мицковска |
| Странски јазици | Елена Лазаревска |
| Математика, Информатика, Физика | Елизабета Поповска |
| Хемија, Биологија, Географија | Сузана Тасева |
| Историја, Социологија, Филозофија, Психологија, Логика, Бизнис | Невена Арсовска |
| Спорт и спортски активности | Антонио Конески |

| | |
|---|---|
| | Стручните активи и педагошко психолошката служба ќе работат според утврдени програми за работа на почетокот на учебната година. |
| **1.14.Просторни можности и техничка опрема** | Просторните капацитети на Училиштето се простираат на вкупна површина од 22229 м$^2$. Објектот е во тврда градба, со приземје и спрат. Во рамки на Училишната просторна организација е изградена и фискултурна сала, во рамки на стандардниот објект. Во училиштето просторот се состои од: 30 училници (од кои 23 опремени со LCD проектори, 19 кабинети со SMART табли, 8 со SMART телевизори), библиотека со мултимедијална читална, кариерен центар, фискултурна сала и сала за фитнес, соодветно уредени спортски терени, зелена дворна површина, канцелариски простор, ходници, санитарни јазли и и други помошни простории.<br>Во учебната 2021/22 година, училиштето ќе ја реализира воспитно – образовната дејност со расположливата техничка опрема и дидактички материјал.<br>Во учебната 2021/22 год. во училиштето се планира да се доопреми училишната библиотека која треба да прерасне во современ мултимедијален (смарт) центар, обнова на старото училишно радио кое ќе премине во нов и модерен радио центар, доопремување на кабинети каде нема смарт табли и проектори, реновирање на дел од инфраструктурниот простор на училиштето и спортската сала, како и училишниот двор. |
| **1.15.Материјално – финансиски услови** | Потребните материјални финансиски средства за непречено одвивање на воспитно-образовниот процес во учебната 2021/22 год. ќе се обезбедат преку Собранието на Град Скопје и Министерството за образование и наука, врз основа на договор согласно спогодбата за заеднички основи и мерила за стекнување на доходот во средното образование надополнето преку донаторство, спонзорство и средства од издавање на простор под закуп. |
| **II НАСТАВА** | |
| **2.1. Наставни планови** | Наставните планови за гимназиско образование, во учебната 2021/22 година ќе се подготвуваат во согласност со законските одредби за реализација на воспитно – образовната дејност од овој тип настава.<br>Наставниот план за гимназиско образование е конципиран во четири дела:<br>• Задолжителни предмети<br>• Изборни предмети<br>• Задолжиелни изборни програми<br>• Проектни активности<br>**Задолжителните предмети** се програмско јадро на гимназиското образование и се однесуваат на сите ученици. Со нив се обезбедува општообразовен стандард знаења кој ќе им овозможи на учениците проодност во сите подрачја на гимназискиот систем на образование.<br>**Изборните предмети** се групирани во три изборни подрачја:<br>- општествено – хуманистичко А и Б |

| | |
|---|---|
| | - природно- математичко А и Б<br>- јазично- уметничко А и Б<br>Овие подрачја нудат содржини кои им овозможуваат проодност на учениците на факултетите во Република Северна Македонија. Со содржините кои ги обработуваат тие ја поттикнуваат креативноста на учениците и ги збогатуваат нивните знаења.<br>**Задолжителни изборни програми**<br>Овој тип изборни програми, преку програмските содржини им овозможува на учениците реализација на интересите од областа на спортот и спортските активности, ликовната и музичката уметност.<br>Оние изборни програми имаат статус на наставни предмети и се реализираат преку наставни часови во неделниот фонд, низ различни форми на работа. Карактеристика на реализацијата на овие содржини е менторскиот систем во пристапот со учениците и флексибилни дидактички методи. Секоја содржина има различен и оригинален начин на реализација.<br>Оваа настава им овозможува на учениците да го искажат талентот и да се мотивираат за постигнување на успеси во областа на спортот и уметностите.<br>**Проектни активности**<br>Индивидуалните интереси на учениците се реализираат преку изборот на проектни активности кои на учениците им нудат можност да ја реализираат својата креативност и потенцијали, надвор од редовната настава.Тие се изведуваат според стандардите пропишани од БРО и соодветен фонд на часови, во сите четири години, по слободен избор на ученикот и во зависност од капацитетите и можностите на училиштето.<br>Учениците избираат две од понудените проектни активности.<br>**I група**<br>1.Култура за заштита мир и толеранција (15+20 часа)<br>2.Урбана култура (15+20 часа)<br>**II група**<br>Активности од областа на музиката<br>1.Хор 70 часа<br>**III група**<br>Ликовно творечки активности (15 + 20 часа)<br>1.Сликарство<br>2.Дизајн<br>3.Историја на уметност<br>**IV група**<br>Литературни клубови и драмски секции 35 часа |

| | |
|---|---|
| | 1.Драма<br>**<u>V група</u>**<br>Спортски активности (15+20 часа)<br>1.Тенис<br>2.Планинарење<br>3.Фитнес<br>4.Велосипедизам<br>5. Пливање<br>**<u>VI група</u>**<br>Култура на здраво живеење 35 часа<br>1.Унапредување на здравјето<br>2.Подобрување на вклучувањето на лицата со специфични потреби<br>**<u>VII група-природна група предмети</u>** 35 часа<br>1. Проектни активности по информатика- ВЕБ дизајн<br>**<u>VIII група</u>**<br>Иновации и претприемништво 35 часа<br>**<u>IX група</u>**<br>Странски јазици 35 часа |
| **2.2. Дополнителна настава** | Дополнителната настава ќе се организира во текот на целата учебна година. Таа опфаќа наставни содржини кои од одредени причини учениците не успеале да ги совладаат. Овој тип настава подразбира индивидуален пристап во работата со учениците, но и начин за подобрување на успехот на учениците и предметниот наставник. Наставниците со одредени ученици кои последователно покажуваат послаб успех во работата, активно ќе ги реализираат задачите и целите кои се предвидени со овој метод на работа со учениците. Индивидуалниот пристап има силна мотивациска улога во интегрирање на учениците кои не покажале успех во редовната настава.<br>Оваа настава ќе ја реализира секој предметен наставник, со изготвување план за распоредот на работните обврски, во текот на своето работно време. Соработници на наставникот ќе бидат педагошко – психолошката служба и раководителите на смена. |
| **2.3. Додатна настава** | Додатната настава се планира и реализира со учениците кои покажуваат особено изразен интерес за одредени наставни содржини. Цел на овој тип настава е да се обезбеди систематска работа со надарените ученици.<br>Во реализацијата на овој тип настава се поттикнуваат креативноста и способностите на учениците за творечко истражување. Наставниците изготвуваат и реализираат посебна програма наменета за оваа категорија ученици од сите четири години гимназиско образование. |

| | |
|---|---|
| **2.4. Подготвителна настава** | Подготвителна настава ќе се организира за ученици кои ќе бидат упатени на поправен испит по одделни предмети, испит на годината, дополнителни испити, испит за побрзо напредување.<br>Наставниците кои имаат ученици упатени на поправен испит, испит на годината, дополнителни испити, испит за побрзо напредување подготвуваат план и програма за реализација на подготвителна настава, а со цел успешно полагање на испитот.<br>Оваа настава за учениците се изведува во законски одредениот период според календарот за работа на училиштето. |
| **2.5. Далечинска настава** | Доколку и оваа учебна година се добијат препораки за реализирање на далечинска настава, училиштето ќе организира и реализира настава од далечина. Според потребите ќе се преземат соодветни активности за зајакнување на капацитетите на наставниците за користење на онлајн алатки за реализирање на наставата. Распоредот на часови ќе биде прилагоден на дадените насоки од МОН и БРО. Стручните органи на училиштето ќе ги реализираат планираните активности преку користење на онлајн технологија. |
| **2.6 Ученички екскурзии** | Во плановите за реализација на воспитно – образовниот процес, училиштето предвидува наставно – научни екскурзии, чија цел е практично усвојување знаења од културата и општеството на народите, во земјата и пошироко. Во таа смисла, наставно – научните екскурзии одат во прилог на збогатување на стекнатите сознанија од различни област, поттикнување на критичкото мислење, но и развивање повисок степен на социјализација кај учениците.<br>Врз основа на Правилникот донесен од Министерот за образование и наука, на предлог на Директорот на училиштето, а во соработка со препораките на педагошко–психолошката служба и поддржано од активите по сите наставни предмети и родителите на учениците, Наставничкиот совет донесе одлука оваа учебна година училиштето да реализира наставно – научни екскурзиидоколку Владата, МОН и комисијата за заразни болести донесат одлука дека постојат услови за нивна реализација. Во тој случај училиштето предвидува: еднодневни за I, II, III и IV година во Република Северна Македонија. Со учениците од I година-дводневна (релација Скопје-Битола-Охрид- Скопје), II година-дводневна (релација Скопје-Битола-Охрид- Скопје), III и IV година-шестдневна (3 ноќевања, се планира Западна Европа на релација по спроведена анкета меѓу учениците). Секако ова ќе зависи од условите и препораките од МОН поврзани со пандемијата. (Прилог бр. 13). |
| **2.7 Самозаштита во образовните институции** | Согласно правилникот за содржината и начинот на спроведување на обучувањето за самозаштита во образовните институции (Слж.весник на РМ бр.48/06), СУГС Гимназија „Орце Николов“ – Скопје во училиштето се спроведуваат активности за самозаштита од природни непогоди и други несреќи согласно следниве одредби:<br>- Во наставниот процес се обработуваат наставни теми за обучување за самозаштита во услови на земјотреси, пожари и експлозии, опасни материи, епидемии и заразни болести кај животни и растенија, снежни намети, луњи, поплави, поројни дождови, атмосферски непогоди, сообраќајни несреќи и др. |
| **2.8 Општествено – корисна работа** | Општествено – корисната работа е основа за развој и стимулација на позитивниот однос на учениците кон општествените вредности, вредностите на колективното живеење, поттикнување на чувството на заедништво и припадност и одржлив развој на природата.Овие активности одат во насока на подобрување на животната и работната средина во училиштето и |

| | |
|---|---|
| | надвор од него.<br>Во таа смисла, со програмата за работа на училиштето, се предвидени активности со оштествено – корисна целисходност. Овие активности ќе бидат реализирани во согласност со државните препораки за масовни работни акции, но и во рамките на редовните школски активности.<br>Учество во овие акции од општествено важен карактер ќе земат учениците, наставниците, а во одредени форми и техничкиот персонал на училиштето. |
| **2.9. Еко активности** | И оваа учебна година Училиштето продолжува активно да учествува во програмата ,,Еко – училиште“ во чии рамки се предвидени неколку активности. Постапките со кои ќе се реализираат активностите подразбираат вклучување на сите расположливи ресурси на Училиштето (ученици, наставници, родители, педагошко-психолошка служба, технички персонал), како и соработка со локалната власт и бизнис-заедницата.<br>За таа цел е изготвен План на активности за интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем за 2021/22 година која треба и формално да се поврзе со наставните програми. Реализацијата на активностите ќе биде во согласност со препораките на МОН за работа на училиштето во услови на пандемија. (Прилог бр. 1) |
| **2.10. Мултиетничка интеграција во образованието** | Оваа учебна година училиштето ги продолжува активностите за мултиетничка интеграција во образованието. Планирани се активности со партнер училиштето СУГС „Арсени Јовков“. Исто така во текот на училишната година ќе се реализираат по три работилници во секој клас, вкупно 108 работилници со ученици од сите четири години. Работилниците опфаќаат теми кои ја поттикнуваат толеранцијата, соработката и надминување на стереотипите во однос на различни национални и културни заедници кои живеат во Република Северена Македонија,со цел за подобрување на меѓуетничкатакомуникација и надминување на етнички, културолошки и јазични препреки. Реализацијата на активностите ќе биде во согласност со препораките на МОН за работа на училиштето во услови на пандемија. (Прилог бр.2) |
| **2.11. Следење и оценување на успехот и напредокот на учениците** | Наставниот процес по својата природа подразбира изведување на активности со кои ученикот ќе усвојува знаења, ќе стекнува вештини, ќе ги развива своите потенцијали, креативно мислење и творечки капацитети. Во таа смисла, наставните планови нудат можности за реализација на наставната содржина преку примена на различни наставни форми и методи. Од интерната евалуација на училиштето евидентно е дека интелектуалните потреби на учениците се задоволуваат со примена на разновидни наставни методи. Оттука, следењето и оценувањето на успехот и напредувањето на учениците ќе се предвидува во рамките на дневните подготовки и тематските и годишните планови за реализација на воспитно – образовниот процес.<br>Во текот на годината, наставникот најмалку два пати во едно полугодие треба да формира оценка за ученикот и јавно да му ја соопшти. Оценката се формира врз основа на утврдени критериуми за оценување и може да биде на увид на ученикот.<br>Најчести форми за вреднување и оценување на учениците се писмените форми (контролни тестови, наставни листови, изработени есеи, проекти и др.) и усниот начин на провека на знаењата (преку усна проверка, активност на часовите, соработка во презентациите на наставната содржина и сл.). |

| | |
|---|---|
| | Наставниците ги планираат и координираат термините за  писмените и усните проверки на знаењата. Во таа смисла, во согласност со условите и планирањето,а имајќи ги предвид, обемноста на наставните содржини и преоптеретеноста на учениците,  не се изведуваат повеќе од две писмени проверки на знаења во текот на една седмица.<br>Постигнатиот успех на ученикот го утврдува  совет на паралелките на годината, а класниот ракводител, преку редовните родителски средби или по потреба ги известува родителите на секој ученик поединечно.<br>Во случај и оваа учебна година да бидат дадени насоки за спроведување настава на далечина, наставниците ќе го спроведуваат и проверувањето на знаењата и оценувањето на знаењата на учениците преку користење онлајн технологија. Како методи ќе ги користат проектите, задачи, тестови, видео клипови, презентации и сл. |
| **2.12 Испити** | Во согласност со законските прописи за организирање и реализација на испити во училиштето, а во зависност од интересите и условите на училиштето, во оваа учебна година ќе бидат организирани следниве форми на полагање:<br>**1. Поправни испити** – за ученици кои не постигнале доволен  успех на крајот на годината, по еден или два предмети.<br>Испитни рокови: јуни и август<br>**2. Испити на годината** по одделни предмети- учениците ќе ги полагаат во два испитни рока:јуни и август<br>**3.Дополнителни испити** – за оние ученици кои поминуваат од една во друга програма од средното образование или изборно подрачје предмети од гимназиското образование.<br>Ученикот може да полага само еден предмет во еден испитен рок.<br>Испитни рокови: август, септември, октомври (најдоцна до крајот на  првотот полугодие)<br>**4. Испити за вонредни ученици** – за оние ученици на кои законските прописи им дозолуваат вонредно школување<br>Испитни рокови: јуни, август, октомври, декември, февруари и април<br>Во еден испитен рок, ученикот може да пријави најмногу три предмети.<br>**5. Испити од факултативните програми** – за ученици кои сакаат да полагаат програми со овие содржини<br>Испитни рокови:јуни и август<br>**6. Испити за побрзо напредување на учениците** – за оние ученици коисакаат да напредуваат (да завршат две години во една учебна година)и кои  во последните  две учебни година постигнале  одличен успех<br>**7. Матурски испити (училишна и државна матура)** – за ученици кои завршуваат средно гимназиско образование.<br>Начините за полагање се одредуваат со законски прописи на МОН и БРО на Република Македонија во форма на екстерни и интерни испити.<br>Испитни рокови: јуни и август<br>Испитите во училиштето (освен екстерните матурски испити) се полагаат пред испитна комисија која е одговорна за успешно организирање и спроведување на испитите според законските одредби пропишани со Законот за средно образование. |
| **2.13. Поведение** | Начинот на утврдување на поведението на ученикот е одреден со одредбите од Законот за средно образование, |

| | |
|---|---|
| **на учениците** | Правилникот за изрекување на педагошки мерки на учениците и Статутот на училиштето. |
| **2.14. Натпревари** | Во учебната 2021/22 година, училиштето активно ќе учествува на локални, регионални и државни натпревари, според начинот и условите пропишани од организаторите. |
| **2.15 Професионално усовршување на наставниот кадар** | Професионалното усовршување на наставниците е од клучно значење за реализирање на модерна и квалитетна настава. Наставниците ќе бидат вклучени во сите обуки и семинари организирани од релевантни субјекти со цел перманентно надградување на нивните знаења и развивање на свеста за доживотно учење. (Прилог бр. 16). Дел од наставнот кадар ќе посетува обуки и ќе врши дисеминации во рамки на постојните проекти, а дел ќе го усовршуваат познавањето на странски јазици (француски, англиски и германски јазик) во рамки на ЕРАЗМУС + програмата. |
| **2.16. План за воспитна работа на училиштето** | Со реализацијата на содржините на воспитно-образовната дејност на училиштето, се реализираат претпоставените цели на современиот воспитно-образовен процес. Преку обработка на воспитни и образовни содржини кои се основа на наставниот процес, училиштето сериозно станува дел од воспитното влијание врз животот и работата на учениците, но и на наставниците.<br>Од приоритетите кои треба да обезбедат поуспешна работа на училиштето, оваа учебна година ќе се актуелизираат следниве:<br>• Поддршка на наставниците, учениците и родителите во процесот на реализирање на онлајн настава по кризата предизвикана од Covid-19<br>• Поддршка на наставниците, учениците и родителите во процесот на реинтеграција на сите субјекти во воспитно-образовниот процес по кризата предизвикана од Covid-19<br>• Поттикнување чувство на заедништво, преку сите форми на тимска работа<br>• Активно вклучување на сите наставници во креирањето на работата на училиштето<br>• Креирање позитивна училишна клима и комуникација<br>• Одговорно донесување одлуки од важност за работата на наставниците и училиштето<br>• Принципиелност и доследност во работата<br>• Поголема транспарентност и демократичност во работењето<br>• Афирмација на основните човечки права и вредности<br>• Унапредување навики за редовно извршување на обврските<br>• Планирање на дневната и неделната работа<br>• Развивање свест за одржување на ентериерот<br>• Унапредување на здравствено-хигиенските навики<br>• Организирање акции за уредување на училишната зграда и двор<br>• Родово неутрален пристап при презентирање на условите за упис во училиштето. |

| | |
|---|---|
| **III ПРИОРИТЕТИ НА УЧИЛИШТЕТО** | Од досегашните резултати во неколкугодишната работа на училиштето, факт е дека постојат реални услови за успешен понатамошен развој на сите сегменти од работата. Со единствена цел да се продолжи традицијата на успешно работење, како и да се следат новите модели на образование и настава, во оваа учебна година ќе биде предвидена реализацијата на неколку приоритетни задачи и тоа:<br>• Успешно реализирање на наставниот процес во услови на криза предизвикана од Covid-19<br>• Успешно користење на онлајн технологија во реализирање на наставата<br>• Успешно вклучување на сите ученици во воспитно-образовниот процес<br>• Зголемување на интегрираниот пристап во реализирање на наставни содржини<br>• Стекнување и примена на знаења и вештини кај наставниците и стручната служба за работа со ученици со посебни образовни потреби.<br>• Продолжување на трендот на вклучување на родителите и локалната заедница во работата на училиштето во различни форми.<br>• Поголема вклученост на учениците во процесот на оценување и преземање на одговорност за сопствениот успех.<br>• Подобра соработка за изедначување на критериумите на постигнувањата на учениците во рамки на стручните активи и користење на различни наставни методи и форми на оценување на работата на учениците и поголемо усогласувањеање на стандардите за оценување на ниво на стручни активи.<br>• Интегриран пристап во наставата.<br>• Изнаоѓање на поефикасни методи за намалување на изостанувањето од настава.<br>• Развивање на структуриран систем за следење на емотивните, социјалните и физичките потреби на учениците<br>• Подобрување и збогатување на материјално техничките услови во училиштето.<br><br>Приоритетите на училиштето ќе се адаптираат согласно условите за работа во пандемија и препораките од МОН. |
| **3.1**. **Транспарентно работење и поголема информираност** | Еден од клучните приоритети во работата на училиштето е поголема информираност на сите структури во и надвор од училиштето. Во таа смисла, одлуките на Директорот и стручните служби, редовно ќе се огласуваат на огласната табла во училишната (наставничка) канцеларија. Директорот на училиштето, своите препораки и одлуки од јавен карактер ќе ги соопштува на редовните Наставнички совети.<br>Генералните информации за училиштето, редовно ќе се објавуваат во училишниот информатор, како и на веб-страната на нашето училиште.<br>Во услови на настава од далечина, наставниците комуницираат преку електронската платформа, Mc Teams и Zoom со цел |

| | |
|---|---|
| | редовно информирање и спроведување на активностите. |
| **3.2. Подобрување на редовноста во наставата** | Во оваа учебна година ќе се продолжи да се работи на добрите практики на полето на подобрување на редовноста во наставата преку превентивни методи и развивање нови начини и облици на справување со овој проблем, а ќе се воведуваат и нови методи со цел да се креира најпогоден модел за работа со учениците и родителите за надминување на состојбата со изостанување од настава. Во услови на настава од далечина, ќе се применува практиката од минатата учебна година за редовно комуницирање со учениците и родителите кои не секогаш се редовни на настава, како и обезбедување на таблети за оние ученици кои не се во можност самите да обезбедат. |
| **3.3 КТ во наставниот процес** | Во учебната 2021/22 година ќе се продолжи со имплементирање на КТ во наставниот процес со цел да се збогатат знаењата на учениците и да се поттикнуваат нивните креативни потенцијали како една од базичните цели во воспитно-образовниот процес. Опремени се 17 училници со ЛЦД проектори, 8 со SMART телевизори и 9 училници со смарт табла и 3 училници со вкупно 54 компјутери за ученици, со што ќе се унапреди воситно-образовниот процес. По потреба, доколку продолжи наставата да се одвива со учење од далечина (онлајн), училиштето ќе дообезбеди дигитални помагала кои ќе го олеснат наставниот процес. |
| **3.4 Водење на педагошка документациј а** | Оваа учебна година ќе се работи на подобрување на водењето на педагошката документација во тврда и електронска форма. Дневникот за работа ќе се води во електронска форма, според насоки од МОН. |
| **3.5. Форми на ученичко здружување** | Во училиштето постои долгогодишна пракса на ученичко здружување, преку кое учениците имаат можност да се претставаат себе и училиштето низ различни форми. Посебна форма на ученичко здружување е Ученичкиот парламент во кој членуваат претставници од сите години и паралелки од училиштето. Тие организраат редовни состаноци во врска со актуелни прашања и проблеми и соработуваат со структурите во училиштето.Исто така ќе продолжи со работа и Ученичката заедница преку која учениците влијаат врз подобрување на воспитно-образовниот процес. (Прилог бр. 12) |
| **3.6 Зголемување на безбедноста во училиштето** | Оваа учебна година ќе се продолжи со реализација на активности на полето на превенција и справување со насилство. (Прилог бр. 3) |
| **3.7. Интегриран пристап во наставата** | Во учебната 2021/2022 година интензивно ќе се работи на зголемување на бројот на часови реализирани помеѓу различни предмети, односно интегриран пристап во воспитно-образовниот процес, адаптирани на настава од далечина. Позитивните искуства ќе продолжат да се реализираат и во иднина. |
| **3.8. Креирање на** | Во учебната 2021/2022 година посебен акцент ќе се стави на користење на ресурсите на Националната платформа за учење од далечина во насока на размена на информации и материјали кои им се потребни на наставниците за успешно |

| | |
|---|---|
| **колаборативна платформа** | реализирање на воспитно-образовниот процес. Исто така ќе се продолжи со работа преку користење на постојните социјални мрежи и онлајн дискусиони групи за комуникација со наставниците, учениците и родителите. |
| **3.9. Процедура за разработен процес на собирање, обработка и чување на лични податоци** | Во учебната 2021/2022 год. посебен акцент ќе се стави на реализирање на активности за собирање, обработка и чување на лични податоци на учениците (ученичко портфолио) како и следење на процедура заштита на податоци во случај на користење на социјални медиуми, односно спроведување на изготвена процедура за заштита на лични податоци. Во училиштето постои електронска база на податоци за учениците. |
| **3.10 Инклузивно училиште** | Во учебната 2021/2022 год. ќе се стави акцент на воведување на инклузивниот принцип во воспитно-образовниот процес, преку изготвување формирање на тим за инклузија и изготвување на долгорочни и индивидуални образовни планови за учениците, доколку во училиштето има случаи на ученици со посебни образовни програми. |
| **3.11 Професионално усовршување на наставниот кадар** | Во учебната 2021/2022 год. ќе се поттикнува и поддржува професионалниот развој на наставниот кадар, преку изготвување на лични планови за професионален развој на наставниците и организирање и реализирање на соодветни обуки за наставниците. |
| **IV ПРОЕКТИ КОИ ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО УЧЕБНАТА 2020/21 година** | Училиштето ќе продолжи да ја развива меѓународната соработка на државно, институционално и проектно ниво преку соработка со училишта и универзитети. Преку активностите на проекти се негуваат и развиваат индивидуалните карактеристики на личноста, преку процесите на запознавање, разбирање и почитување на туѓите култури, на национално и интернационално рамниште со цел креирање млади личности со сопствени ставови, интереси и мотиви.<br>Доколку останат постојните препораки за реализирање на онлајн настава, активностите ќе се адаптираат во зависност од условите и содржината на проектите. |

| Ред.бр | Наслов на проектот | Одговорни наставници | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| 1. | Фестивал на наука, Белград | Елизабета Николовска<br>Софија Брезовска<br>Весна Стефановска<br>Анета Глигорова | Декември 2020 |
| 2. | 6-ти Средби на европски гимназии | Митко Димовски<br>Сузана Тнокова – Кузмановска<br>Ана Попризова | Март 2022 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Сузана Дулеска<br>Павлина П.Штерјовски | |
| 3. | Јазикот и уметноста се мостови за поврзување на младите во Европа и Балканот<br>- Посета на Саем за книга во Европските земји/Балкан (март/април)<br>- Посета на Театар во Европските земји/ Балкан (октомври/ноември) | Драгица Јанкулоска<br>Татјана Гацова | Во текот на целата година |
| 4. | Доживувањето на Троја и Хомеровото дело од аспект на читателот од 21 век | Сузана Черепналковска<br>Љупка Боцевска | Ноември 2021 |
| 5. | Театарот ги зближува младите на Балканот | Сузана Черепналковска<br>Љупка Боцевска | Март или април 2022 година |
| 6. | Наставно научна екскурзија во Франција и посета на франкофонски настан | Сузана Дулеска<br>Милица Митревска | Март - Април 2022 година |
| 7 | „Безбедни училишта - хармонична средина"- ХЕРА и Град Скопје | Ана Попризова<br>Ангелина Максимовска | Цела година |
| 8 | Условен паричен надоместок | Ангелина Стевковска Максимовска | Цела година |
| 9 | Еко училиште | Катерина Х.Спировска<br>Мирјана Богданоска<br>Виолета Толева<br>Невена Арсовска<br>Викторија Доказа | Цела година |
| 10 | Мај месец на матурантите | Анета Глигорова<br>Богољуб Љошевски | Мај 2022 |
| 11 | Креативен бизнис план за успешни претприемачи | Павлина Штерјовски | Декември 2021 |
| 12 | Мултиетничка интеграција во | Ангелина Стевковска | Цела година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | образование во реализација на УСАИД, во соработка со Македонски центар за Граѓанско образование (МЦГО) | Максимовска<br>Сузана Черепналковска<br>Снежана Крстевска<br>Викторија Доказа<br>Анета Глигорова | |
| 13 | „Операта и балетот во соседните земји“ (Грција, Бугарија, Србија, Албанија) | Сузана Тнокова<br>Сузана Дулеска<br>Мирјана Богданоска<br>Павлина Штерјовски | Октомври 2021 |
| 14 | Отворен ден на училиштето | Павлина Штерјовски | Април 2022 |
| 15 | Науката и уметноста во европските земји | Сузана Дулеска<br>Павлина Штерјоски<br>Сузана Тнокова Кузмановска<br>Мирјана Богдановска | Ноември 2021 |
| 16 | Филмски фестивал за млада публика „Џифони Македонија“ | Радица Милковска | Октомври, 2021 |
| 17 | “Caretakers of the Environment International “<br>(Annual Conference Project Presentation ) | Катерина Хаџи-Илоска Спирковска | Октомври 2021 – Јули 2022 година |
| 18 | Информативна посета на универзитети во Солун, Р Грција | Павлина Штерјоски<br>Миле Стоиловски<br>Ангелина С. Максимовска | Март 2022 |
| 19 | НМС проекти | Виолета Толева | 11.2021-02.2022 |
| 20 | Искористување на енергијата од електромагнетна индукција со цел произведување на струја од „Фонд за иновации-предизвик за млади истражувачи“ | Елизабета Николовска | Во текот на целата година |
| 21 | „Научи да скијаш“ (Бугарија) | Богољуб Љошевски | 01.2022 |
| 22 | Размена со училиштет од Уна, Германија продолжува преку e-twining 2020/2021 | Виолета Толева<br>Елизабета Поповска | Во текот на целата година |
| 23 | Еразмус проект FRIENDSHIP DAYS | Елизабета Поповска | Во текот на целата година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Ана Попризова<br>Виолета Толева | |
| 24 | Проект „Наука и астрономија“, Солун, Грција | ЕлизабетаПоповска<br>Зоран Ивановски | 02.2022 |
| 25 | ЕРАЗМУС + Проект „Сврти го прекинувачот“ | Анастазија Белевска | Цела година |
| 26 | Соработка со училиштето Бодлер, Рубе, Р. Франција (училишна размена) | Анастазија Белевска<br>Сузана Стојчевска<br>Јасмина Ивковска<br>Сузана Дулевска<br>Милица Митревска | Цела година |
| 27 | Соработка со училиштето Пирот, Пирот, Р. Србија (училишна размена) | Анастазија Белевска<br>Сузана Стојчевска<br>Јасмина Ивковска<br>Сузана Дулевска<br>Милица Митревска | Цела година |
| 28 | Јазичен престој во Антиб, Р. Франција | Анастазија Белевска<br>Сузана Стојчевска | Цела година |
| 29 | Еразмус + Проект Културна размена со Турција, Србија, Шпанија, Грција и Италија. „We are Exchanging Cultures by Web2 Tools“ | Билјана Јованчева | Цела година |
| 30 | Еразмус + Проект – „SHARKS – Sustainability Heroes and Restless Knights in Schools“. 2020-2022г. | Билјана Јованчева | Цела година |
| 31 | Проект Еразмус + „1, 2, 3.... Акција“, Шпанија | Сузана Стојчевска | Цела година |
| 32 | Проект Еразмус + „Ковид 19“ | Сузана Стојчевска | Цела година |
| 33 | Камп за одржливост, ЕКО ЛОГИК | Ана Попризова<br>Ангелина С. Максимовска | Август-октомври |
| 34 | Унапредување на вештините за справување со насилство во училиште | Ана Попризова<br>Ангелина С. Максимовска | Август-декември |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | преку интерактивни модели, Институт за европски образовни, социо-културни и економски политики ЕВРОПА ЗА ТЕБЕ, Скопје | | |
| 35 | Дигитална етика, Здружение за едукација, комуникација и консалтинг ОХО | Ана Попризова<br>Ангелина С. Максимовска | Август-декември |
| 36 | До квалитетно инклузивно образование во средните училишта на Град Скопје преку употреба на онлајн платформа за поддршка ан учениците со попреченост, Сојуз на специјални едукатори и рехабилитатори на РСМ | Ана Попризова<br>Ангелина С. Максимовска | Август-декември |
| 37 | Техничка обука за Microsoft Teams, СЕМОС едукација | Ана Попризова<br>Ангелина С. Максимовска | Август-октомври |
| 38 | Средба на првиот со најдобрите, Дирекција за култура и уметност | Ана Попризова<br>Ангелина С. Максимовска | Јуни |
| 39 | Секс, извидници и рокенрол, Прв скопски извиднички одред | Ана Попризова<br>Ангелина С. Максимовска | Септември-ноември |
| 40 | Средношколски игри 2021, СФЕРА | Ана Попризова<br>Ангелина С. Максимовска | Септември-октомври |
| 41 | Дигитален курс за 3Д моделирање и 3Д печатење за средношколци, 3Г СМАРТ АП Лабораторија за социјални иновации | Ана Попризова<br>Ангелина С. Максимовска | Август-септември |

| | |
|---|---|
| **V КАЛЕНДАР ЗА РАБОТА ВО УЧЕБНАТА 2020/21г.** | Училиштето ќе работи според календарот за работа утврден од МОН и БРО. (Прилог бр.4) |
| **5.1 Родителски средби** | Класните раководители изготвуваат планирања за текот и реализацијата на родителские средби.<br>- прва родителска средба во третата недела од септември<br>- втора родителска средба во втора недела од ноември<br>- трета родителска средба во јануари |

| | |
|---|---|
| | - четврта родителска средба во првата недела од април<br>- петта родителска средба, по завршување на учебната година<br>По потреба ќе бидат реализирани и вонредни средби со родителите за оние паралелки кои покажуваат послаби резултати или се сретнуваат со одредени проблеми.<br>Доколку наставата се реализира онлајн, тогаш и училиштето ќе обезбеди услови за спроведување на родителска средба со користење на дигитална технологија. |
| **5.2 Советување на родители и ученици** | Согласно Законот за средно образование педагошко-психолошката служба ќе организира континуирани советувања на родители и ученици, со изготвени месечни планови и презентации на зададени теми. |
| **5.3.План за реализација на културната и јавната дејност на училиштето** | - Свечен прием на учениците од I година<br>- Одбележување на 8 Септември – Денот на прогласувањето на сувереноста на Република Македонија<br>- Одбележување на 11 Октомври – Денот на востанието на македонскиот народ<br>- Одбележување на 23 Октомври – Денот на Македонската револуционерна борба<br>- Одбележување на 13 Ноември – Ослободување на Скопје<br>- Организиран дочек на Нова година<br>- Одбележување на 8 Март – Денот на жената<br>- Одбележување на Патрониот празник на училиштето–23.03.2022 г.<br>- Одбележување на Денот на екологијата и Денот на полнолетството (21 март и 22 април)<br>- Одбележување на Први мај – Денот на трудот<br>- Одбележување на 24 мај – Денот на сесловенските просветители Кирил и Методиј<br>- Организиран пречек на матурската вечер<br>- Свечено доделување на дипломи инагради за учениците од завршните години<br>- Организирано доделување на свидетелствата на учениците |
| **VI.РАКОВОДНИ, УПРАВНИ И СТРУЧНИ ОРГАНИ И ТЕЛА** | |
| 6.1 **Директор** | Директорот е раководен орган на училиштето и е одговорен за законитоста во работата на училиштето, се грижи за статусот и положбата на вработените, ја организира и ја раководи воспитно-образовната работа, самостојно донесува одлуки, го застапува училиштето пред надворешни лица.<br>- Предлага годишна програма за работата до УО и презема мерки за нејзино спроведување<br>- Ги извршува одлуките на УО<br>- Непосредно раководи со училиштето |

| | |
|---|---|
| | - Ја организира воспитно образовната работа<br>- Врши распределба на класни раководства и часови<br>- Изготвува предлог план за јавни набавки и финансиски план и истите ги доставува до УО на усвојување<br>- Врши избор на наставници и стручни соработници и др.административно-технички кадар<br>- Одлучува за распоредување на наставници, стручни соработници и др.административно-тех.кадар<br>- Поднесува извештај за успехот и постигнатите резултати во восп.-образов.работа до БРО<br>- Одлучува за престанок на работниот однос на наставниците, стрчните соработници и друг административно-тех.кадар<br>- Поднесува извештај за реализација на годишната програма до Град Скопје<br>- Склучува договори, потпишува сведителства, решенија, налози и др.акти согласно законот<br>- Одобрува отсуства на вработени и ученици<br>- Одредува замена на ненадејно отсутни работници<br>- Претседава и раководи со седниците на НС, и активно учествува во работата на други стручни органи во училиштето<br>- Назначува лице со посебниовластувања<br>- Избира комисии од негова надлежност<br>- Издава соопштенија и наредби<br>- Самостојно донесува одлуки од делокругот на неговата надлежност утврдена со закон, други прописи и општи акти на училиштето<br>- Го претставува и застапува училиштето пред трети лица<br>- Се грижи за законитоста во работата и за примена на законите, други прописи, статут и други акти на училиштето<br>- Поднесува извештај за материјалното работење на училиштето во текот на учебната година до УО и општината<br>- Учествува во подготвување на материјалите на УО и др.органи во училиштето<br>- Врши инструктивно педагошки надзор во училиштето<br>- Се грижи за редот идисциплината во училиштето<br>Годишниот план за работа на Директорот за учебната 2021/22 година е во прилог на Годишната програма за работа на училиштето**.** (Прилог бр. 5) |
| **6.2.Раководители на настава** | Во училиштето работат двајца раководители за настава одговорни за смените. Тие му помагаат на Директорот во организацијата и следењето на работата во соодветни години. Го организираат процесот на работата во согласност со програмата и плановите за работа на училиштето; непосредно раководат со работната единица; ја |

| | |
|---|---|
| | координираат работата на класните раководители и наставниците; се грижат за редовноста и дисциплината на наставницитите и учениците; организираат и следат работата на класните совети, дополнителната и додатната настава; ја следат работата на ученичките организации; соработуваат со учениците и родителите; учествуваат и помагаат во организацијата на поправните и завршните испити.<br>Годишниот план за работа на раководителите на настава во 2021/22 е во прилог на Годишната програма за работа на училиштето**.** (Прилог бр.6) |
| **6.3.Училишен одбор** | Училишниот одбор е орган на управување во училиштето.<br>Тој брои дванаесет членови и тоа: 4 претставници од наставници, 3 од претставници од родителите на учениците, 3 претставници од основачот и по еден претставник од Министерството и од деловната единица (Стопанска комора). Училишниот одбор го донесува:<br>- Статутот<br>- Годишната програма за работа и го усвојува Извештајот за работа<br>- Предлага годишен финансиски план до Министерството, предлага завршна сметка<br>- Донесува годишен план за јавни набавки,<br>- Објавува јавен оглас за избор на директор,<br>- Одлучува за приговори и жалби на вработени,ученици и родители<br>- Разгледува и други прашања утврдени со Статутот на училиштето<br>Членови на УО:<br>Основач: Славчо Стојановски, Ацо Спасевски и Оливера Пехчевска<br>МОН: Донка Ристовска<br>Бизнис заедница: Ратко Канчевски<br>Родители: Зоран Цоковски, Даниела Панајотова, Загорка Блажевска<br>Наставници: Сузана Дулевска, Сашо Сотировски, Сергеј Дамовски<br>Претседател на УО: Јулијана Јолевска<br>(Прилог бр. 7) |
| **6.4.Совет на родители** | Во училиштето постои Совет на родители кои го сочинуваат претставници на родителите кои не се вработени во училиштето. Советот на родителите ја следи и дава мислење за остварување на воспитно-образовната работа. Работата, бројот на членовите, начинот на избор и организацијата на советот на родители се утврдени со Статут на училиштето.<br>(Прилог бр. 17) |
| **VII . СТРУЧНИ ОРГАНИ И ТЕЛА** | Стручни органи и тела во училиштето се:<br>- Наставнички совет |

| | |
|---|---|
| | - Совет на годината<br>- Совет на паралелката<br>- Стручни активи |
| **7.1.Наставнички совет** | Наставничкиот совет го сочинуваат наставниците и стручните соработници во училиштето. Наставничкиот совет дава мислење по предлог на Годишната програма за работа и го следи нејзиното извршување, го разгледува и утврдува успехот на учениците и работата на другите стручни органи и тела, изрекува педагошки мерки на учениците, формира стручни активи, комисии, испитни одбори, запишување на ученици,разгледува молби и приговори од ученици и родители. |
| **7.2. Совет на година** | го сочинуваат наставници кои изведуваат настава во годината и стручните соработници. Советот на годината ја организира наставата и се грижи за нејзиното усовршување. Го разгледува успехот на ниво на година, соработува со Советот на родителите за решавање на прашања за успехот и поведението на учениците. |
| **7.3. Совет на паралелката** | го сочинуваат наставници кои изведуваат настава во паралелката и стручните соработници. Тие непосредно ја организираат и спроведуваат воспитно-образовната работа и се грижат за нејзиното усовршување. |
| **7.4.Стручни активи** | ги утврдуваат основите за Годишен план за работа и ја усогласуваат работата на наставниците од исти или сродни предмети. Целите и задачите на активите се дадени во прилог. (Прилог бр.8) |
| **7.5. Раководител на паралелка** | се избира од редот на наставниците кои изведуваат настава во паралелката. Тој ја следи работата и дисциплината во паралелката и се грижи за редовното изведување на наставата, за редовноста на учениците и за постигнување на повисок успех. (Прилог бр.15-Програма за работа на класен раководител) |
| **7.6. Стручни соработници** | секој од свој аспект се ангажира во подобрување на условите и резултатите од воспитно-образовната работа во учииштето и работа по своја програма. (Прилози бр. 9 и 10) |
| **7.7Менаџерски тим** | на училиштето е стручен орган кој го сочинуваат раководителите на стручните активи, директорот, педагогот и психологот.<br>Има за задача:<br>- Да ја проучува можноста за рационализирање на организацијата и изведувањето на наставата и вонnаставните активности во училиштето;<br>- Да ја проучува можноста и динамиката на воведување на нови облици, методи и средства во наставниот процес;<br>- Ја остварува методологијата и инструментите за вреднување на работата на наставниците и училиштето;<br>- Ја утврдува методологијата за програмирање на работата на училиштето и планирањето на работата на наставниците. |
| **VIII СОРАБОТКА НА УЧИЛИШТЕТО** | |

| | |
|---|---|
| **8.1.Соработка на училиштето со семејството** | Воспитно образовниот процес на адолесцентот е незамислив без перманентна, блиска, отворена и целосна соработка со родителите односно семејството на ученикот. Семејството е тоа кое го доверило својот член да биде дел од нашето училиште и секако, треба да има неприкосновено право на комуникација, соработка, информирање за се она што се случува во училиштето.<br>Оваа соработка, комуникација во најширока смисла на зборот се овозможува преку најразлични форми и облици, почнувајќи од родителски средби, прием на родителите во определено време, вклучување на родителите во управувањето со училиштето, стручна соработка со нив, вклучување на родителите во остварување на целите на училиштето, заеднички забави, одбележување приредби,презентации и културни спортски или научни манифестации. Соработката ќе се остварува и преку индивидуални и групни советувања на родители,согласно со одредбите од Законот за советување на родители и ученици. (Прилог бр. 19)<br>Доколку наставата се реализира онлајн, тогаш и училиштето ќе обезбеди услови за спроведување на родителска средба со користење на дигитална технологија. |
| **8.2. Соработка на училиштето со институции и организации** | Оваа година ќе ја продолжиме соработката со институциите кои се тесно поврзани со нашето работење:<br>- Министерство за образование и наука на Р.Македонија<br>- Град Скопје – Сектор за образование<br>- Биро за развој на образованието<br>- Државен просветен инспекторат<br>- Државен испитен центар<br>- Државен управен инспекторат<br>- Агенција за заштита на податоци<br>- Агенција за млади и спорт<br>- Град Скопје – Сектор за спорт<br>- УСАИД, МЦГО<br>- Сите ОУ и Средни училишта на град Скопје и пошироко<br>- Филозофски, Машински, Електротехнички, Факултет за туризам и менаџмент, Фармацевтски,Филолошки, Економски, Правен и други приватни Универзитети од градот.<br>- Музеј на Македонија, Археолошки музеј, Музеј на Град Скопје, Музеј на современа уметност, Музеј на ВМРО, Музеј на Холокауст<br>- Невладини организации<br>- Црвен крст на Македонија<br>- Завод за здравствена заштита на Скопје<br>- Национална агенција за образовни програми и мобилност и др. |

| | |
|---|---|
| | - EAC Educational Advising Centar<br>- Министерство за труд и социјална политика<br>- Народна техника на Македонија<br>- Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата |
| **8.3. Меѓународна соработка** | Целта на соработката пред се е размена на искуства од воспитно-образовната работа, размена на посети на ученици и наставници, интернет комуникација и соработка, помош во организирање на предавања и семинари од вработените од училиштата во овие држави, организација и реализација на заеднички спортски настани, игри и натпревари, се со цел унапредување на соработката, размена на културата на живеење, традицијата и сл.<br>Училиштето има воспоставено соработка со училишта од Р.Франција, Албанија, Бугарија, Романија, БиХ, Црна Гора,Велика Британија, Србија и Германија<br>Соработка со училишта од други земји<br>-Гимназија "Бодлер" од Рубе, Франција,<br>-Гимназија "Морандиер" од Гранвил, Франција,<br>-Гимназија "Нехемија" од Подградец, Албанија,<br>-Гимназија"Бранко Веану" од Букурешт, Романија,<br>-Гимназија"Свети Иван Рилски" од Софија- Р.Бугарија.<br>-Гимназија “Јане Сандански” од Сандански- Р.Бугарија<br>-Гимназија Петта Гимназија од Сараево- Р. БиХ<br>-Гимназија „Александар Одобеску“од Питешти- Р.Романија<br>-Гимназија „Михајло Пупин “од Белград- Р. Србија<br>-Училиште „Peter-Wisse Gesamtshule“од Уна, Р.Германија<br>-Училиште Catholic High schooland Sixt Form Colages, Лидс-Велика Британија<br>-Гимназија од Пирот, Р. Србија<br>- Мрежата на училишта во рамки на проектот „Сусрет Европских гимназија“<br>- 18 гимназија Загреб - Р. Хрватска<br>- Поморска школа Сплит – Р. Хрватска<br>- Активности планирани во рамки на ЕРАЗМУС + (КА 2) програмата<br>-Соработкасо ЕФИС- интернационално француско училиште (основно училиште)<br>Се планира меѓународната соработка да продолжи со истите училишта како и да се прошири соработката со други училишта од други земји во регионот.<br>Доколку наставата се реализира онлајн, тогаш училиштето ќе обезбеди услови за спроведување на проектите со користење на дигитална технологија. |

| | |
|---|---|
| **IX. КУЌЕН РЕД НА УЧИЛИШТЕТО** | Во училиштето постои Куќен ред и Кодекси за однесување на ученици, наставници и родители. Воведните часови на почеток на учебната година ќе се посветат на усвојување на овие правила и нивна имплементација во секојдневното училишно живеење и работење. (Прилог бр. 11)<br>Ќе се работи на имплементација на содржините од:<br>- Кодекс за однесување на ученици<br>- Кодекс за однесување на наставници<br>- Кодекс за однесување на родители<br>- Кодекс за однесување во училница со компјутери, библиотека, спортска сала, училишен двор<br>- Правилник за соработка со служба за обезбедување на училиштето<br>- Правилник за изрекување на педагошки мерки<br>- Правилник за избор на првенец на генерација<br>- Кодекс за справување со насилство<br>- Правилник за справување при користње на ПАС<br>- Протокол за изведување настава во услови на пандемија<br>Доколку се добијат насоки за спроведување на наставата со користење на дигитална технологија ќе се почитуваат насоките и протоколите од Министерството за образование и наука,со кој ќе се регулираат условите за постапување од страна на наставниците и учениците при наставата од далечина. |

**Прилози на оваа годишна програма:**

Прилог бр. 1: Програма ,,Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“
Прилог бр. 2: План на активности за мултиетничка интеграција во образованието
Прилог бр. 3: Политика и протокол за спречување и заштита од насилство
Прилог бр. 4: Календар за работа
Прилог бр. 5: Програма за работа на директор
Прилог бр. 6: Програма за работа на раководителите на настава
Прилог бр. 7: Програма за работа на Училишен одбор
Прилог бр. 8: Програми за работа на стручните активи
Прилог бр. 9: Програма за работа на педагошко-психолошка служба
Прилог бр. 10: Програма за библиотекар
Прилог бр. 11: Куќен ред на училиштето
Прилог бр. 12: Програма за работа на Ученичката заедница и Ученички парламент
Прилог бр. 13: Правилник за екскурзии
Прилог бр. 14: Програма за работа на Центарот на кариерен развој
Прилог бр. 15: Програма за работа на класен раководител
Прилог бр. 16: Професионален развој на Директор и наставници
Прилог бр. 17: Програма за работа на совет на родители
Прилог бр. 18:Програма и протокол за ученици со посебни образовни потреби
Прилог бр. 19:Програма за советување на родители

**Завршнаодредба**

Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето.

Број _______________

_________________2021 година

С к о п ј е

**С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е**

**К Ë SH I LL I I QYTETIT TË SHKUPIT**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ, KRYETAR,**

**Љубица Јанчева**